Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 363/3

17-08-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 363 од 29.06.2022 година, поднесена од [redacted] со дата на раѓање на 02.12.1983 година и адреса на живеење на [redacted] Битола, за сторено вознемирување против [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 17.08.2022 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

СЕ ОТФРЛА претставката за сторено вознемирување со бр. 08-363 од 29.06.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] поради неуредност.

## Образложение

На 29.06.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со бр. 08-363 од страна на подносителката [redacted] против [redacted] за сторено вознемирување.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 26.07.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителката достави барање за доуредување на претставката со бр. 08-363/2. Со барањето подносителката беше задолжена да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе адресата на потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката.

Подносителката не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:

- [redacted]